835/1

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:** 13-259/8
**Дата:** 18.11.2014

**ДО**
**ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА**
**Г. Маријан Цветковски, извршен директор**

**Предмет: Доставување на Конечен извештај**

Почитуван г. Цветковски,

Согласно член 31 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ", број 66/2010, 145/2010, 12/14 и 43/14) Ви доставуваме 1 (еден) примерок од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во ЈРП Македонска радиотелевизија.

Во рок од 90 дена од приемот на Конечниот извештај, согласно член 32 од Законот за државната ревизија должни сте да го известите Државниот завод за ревизија за преземените мерки во врска со наодите во ревизорскиот извештај.

Во прилог Ви испраќаме образец ИЗПМ и Ве молиме во рамките на Вашите надлежности да преземете активности за доставување на повратни информации за преземените мерки од ваша страна по Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во ЈРП Македонска радиотелевизија.

Со почит,

**Главен државен ревизор**
**м-р Тања Таневска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА СКОПЈЕ

**Изработил:**
Сашко Геразов, виш ревизор

**Одобрил:**
м-р Максим Ацевски, Помошник на главниот државен ревизор

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

# ЕФИКАСНОСТ И ЕФЕКТИВНОСТ НА СИСТЕМОТ НА ФИНАНСИСКОТО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА И ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА КАЈ ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА

02 2014 09 01

**Скопје, ноември 2014**

# СОДРЖИНА

| | Страна |
|---|---|
| Резиме | 1-3 |
| Основни податоци | 4-8 |
| Цели на ревизијата | 9-10 |
| Ревизорски наоди | 11-25 |
| Прилози<br>Опфат и методологија (Прилог 1) | 26-27 |

Легенда на користени кратенки:

ЗЈВФК-Закон за јавна внатрешна финансиска контрола;
ЈП МРТ – Јавно претпријатие Македонска радиотелевизија;
ФУК-Финансиско управување и контрола;
ВР-Внатрешна ревизија.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 13-259/7
Дата: 18.11.2014

ДО:
ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА

## РЕЗИМЕ

Ревизијата на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија (во натамошниот текст ЈРП МРТ), е спроведена со цел да се даде оценка за ефикасноста и ефективноста на финансиското управување и контрола, во делот на вршење на работите на ефикасен и ефективен начин, усогласување на работата со законите и актите, заштита на имотот, користење на буџетските средства, јакнење на одговорноста при извршување на задачите и внатрешната ревизија.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:

Од презентираните ревизорски наоди произлегува дека од страна на раководството на ЈРП МРТ се преземени соодветни политики и конкретни активности за донесување и имплементирање на: подзаконските и интерните акти за реализација на тековни работни активности, распределба на должностите и одговорностите, финансиските контроли, контроли во пристапот до ресурсите и нивна физичка заштита, општи и апликативни контроли во ИТ системот, системот на комуникација и размена на информации.

Ревизијата констатира дека системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во ЈРП МРТ е воспоставен на начин кој овозможува негово континуирано функционирање и развој, со можност за подобрување во делот на: доуредување на актот за систематизација на работните места; донесувањето на ИТ

безбедоносни политики; инвентарисување на средствата и нивните извори и воспоставувањето на внатрешната ревизија.

Ревизорските активности кои ревизорскиот тим ги спроведе во ЈРП МРТ беа насочени кон повеќе области:

- Правната рамка и стратешките документи;
- Финансиско управување и контрола, и тоа:
  - Оценка на основните компоненти;
  - Функционирање на процесите: утврдување на ефективноста на системот на интерни контроли при спроведувањето на набавките и плаќањата и заштита на средствата и обврските (инвентарисување на средствата и обврските).
- Внатрешна ревизија.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2013 година и тековната 2014 година.

Од утврдените ризици во текот на ревизијата, произлегоа заклучоци, кои се основа за изготвување на ревизорска програма на активности. Ревизорската програма опфати активности за обезбедување на доволно комплетни и релевантни докази од ЈРП МРТ, врз основа на кои се сними состојбата и се донесоа заклучоци во рамките на поставените ревизорски цели.

Состојбите кои се прикажани во извештајот се резултат на применетите постапки на ревизија со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби за ефикасноста и ефективноста на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, детектирање на клучните фактори кои влијаат врз ефикасноста, нивна анализа, утврдување на причините за постојната состојба и креирање на јасни и реални препораки по кои надлежните лица треба да постапат.

Утврдивме дека со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кои се однесуваат на утврдување на опфатот на финансиското управување и контрола не создаваат обврски за воспоставување и развој на ФУК кај јавните претпријатија што не е случај со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Имено, согласно одредбите на законот, финансиското управување и контрола се воспоставуваат кај буџетските корисници од законодавната, извршната и судската власт, фондовите, општините и градот Скопје, при што изоставени се јавните претпријатија. Од друга страна Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор ваква дистинкција на субјекти кои се обврзани на воспоставување на систем на финансиско управување и контрола не е направена и истите се однесуваат на сите субјекти од јавниот сектор вклучително и јавните претпријатија.

Во поглед на активностите за воспоставување на функционален систем на финансиско управување и контрола утврдивме дека ЈРП МРТ има преземено активности во насока на воспоставување на соодветен систем на финансиско

управување и контрола. Усвоени се интерни акти со кои е извршено разграничување на должностите на вработените, воспоставени се процедури во врска со движењето на документацијата и извршувањето на плаќањата на фактурите, како и за други тековни активности на ЈРП МРТ, воспоставени се ex-ante и ex-post контроли и воспоставен е систем на информации и комуникации кој овозможува навремено информирање на одговорните лица за степенот на извршување на задачите.
Утврдивме одредени слабости кои се однесуваат на Правилникот за систематизација на работните места во делот на описот на работните задачи, односно истиот дава само општи насоки за работните должности одговорности и надлежности на вработените лица.

Процесот на доделување на јавни набавки покрај со законските и подзаконските акти уреден е и со интерна процедура која е насолвена како „Упатство за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈП МРТ“. Со извршената ревизија и спроведените детални тестирања не се констатирани отстапувања во делот на воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање.
Преземени се голем број на активности во насока на правилно и целосно извршување на пописот, преку фактичка проверка на податоците кои се прикажани во пописните листи, новонабавените материјални средства добиваат инвентарен број и се заведуваат во сметководствената евиденција додека вработените кои добиваат средства на користење се задолжуваат со реверс. Сепак во врска со реализацијата на пописот утврдивме дека членови на пописни комисии се лица вработени во Секторот за финансиско работење, а поедини пописни комисии не изработиле посебни пописни листи со утврдена состојба.

ЈРП МРТ има систематизирано Единица (одделение) за внатрешна ревизија во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, во која е распоредено едно лице – стручен соработник, без да се назначат раководител на единицата за внатрешна ревизија и овластени внатрешни ревизори и ревизори, поради што оваа единица не ја извршува својата функција и на раководството на субјектот не му обезбедува објективно уверување и совет за функционирањето на финансиското управување и контрола.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки за надминување на истите.
Препораките произлезени од оваа ревизија се насочени кон понатамошен развој на финансиското управување и контрола и внатрешна ревизија.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор заведен под број 13-259/4 од 29.09.2014 година.

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

**Вовед**

Системот на јавна внатрешна финансиска контрола го опфаќа финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и нивната хармонизација, воспоставен согласно со меѓународните стандарди за внатрешна контрола и внатрешна ревизија.

Финансиското управување и контрола, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Р.М." број 90/2009 ... 188/2013), се воспоставува кај буџетските корисници од областа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите, општините и градот Скопје.

Одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кои се однесуваат на утврдување на опфатот на финансиското управување и контрола не создаваат обврски за воспоставување и развој на ФУК кај јавните претпријатија што не е случај со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Имено, согласно одредбите на законот, финансиското управување и контрола се воспоставуваат кај буџетските корисници од законодавната, извршната и судската власт, фондовите, општините и градот Скопје, при што изоставени се јавните претпријатија. Од друга страна Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор ваква дистинкција на субјекти кои се обврзани на воспоставување на систем на финансиско управување и контрола не е направена и истите се однесуваат на сите субјекти од јавниот сектор вклучително и јавните претпријатија.

Имајќи во предвид дека субјекти од јавниот сектор се корисниците на средства од Буџетот на Република Македонија, фондовите, општините и градот Скопје, агенциите и другите институции основани со закон, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица кои се во државна сопственост или во кои државата е акционер[1], чие основање се врши со цел да извршуваат дејности од јавен интерес, притоа почитувајќи ги принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата и транспарентност во работењето, менаџментот на јавното претпријатие презело активности за воспоставување на систем на интерни контроли насочени кон остварување на целите на претпријатието.

Еден од можните критериуми за воспоставување на системот на интерни контроли во работењето на претпријатието преставува Законот за стандардизација со кој се уредуваат меѓу другото целите и принципите на

[1] Закон за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" број 90/09, 12/11 и 188/13).

македонската национална стандардизација, подготвувањето, усвојувањето и објавувањето на македонските национални стандарди и нивната примена како и македонскиот стандард „Систем за менаџмент со квалитет – Барања“ (ISO 9001:2008), кои се применуваат на доброволна основа.

Финансиското управување и контрола ги опфаќа финансиските процеси на планирање, извршување, мониторинг и известување и тоа за: прибирањето на приходите утврдени со буџетот, управувањето и контролата за извршување на расходите одобрени во буџетот и заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба.
Целта на финансиското управување и контрола е подобрување на финансиското управување заради: извршување на работите на правилен, ефикасен, економичен и ефективен начин, усогласување на работите со законската регулатива и интерните акти, заштита на имотот и останатите ресурси од загуби предизвикани од лошо управување, јакнење на одговорноста при извршување на задачите и правилно евидентирање на финансиските трансакции.

**Конкретни податоци за субјектот**

Јавното претпријатие Македонска Радио телевизија – Скопје (во натамошниот текст ЈП МРТ), е јавен радиодифузен сервис на Република Македонија основан согласно Законот за основање на јавно претпријатие Македонска радио-телевизија („Службен весник на Република Македонија“ број 6/98).

ЈП МРТ е правен следбеник на радиодифузна станица Радио – Скопје основана со решение на Владата на Народна Република Македонија број 1282 од01.12.1952 година.
ЈП МРТ има својство на правно лице. Во правниот промет со трети лица ЈП МРТ настапува во свое име и за своја сметка и за обврските одговара со целиот имот со кој располага.

Внатрешната организација на претпријатието како и овластувањата, должностите и одговорностите на неговите органи поблиску се уредени со Статутот број 02 - 3717/1 од 07.06.2013 година.

Основна дејност на ЈП МРТ претставува создавање и емитување на радио и ТВ програми, создавање и емитување посебни програми за информирање и зачувување на културните и историските традиции за унапредување на врските со иселениците, создавање и промет на радио-телевизиски емисии, набавки на опрема, репродукционен и друг материјал за сопствени потреби

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

### Организациони облици

Со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП МРТ се утврдува вкупниот број, распоред и опис на работните места, распоредени по организациски единици.
Во рамките на ЈП МРТ постојат следниве организациони единици:

1. **Работодавен орган (директор)**
2. **Македонско радио**
3. **Македонска телевизија**
4. **Музичка продукција на МРТ**
5. **Заеднички функции**

во рамките на кои се систематизирани определен број на сектори и одделенија.
Состојбата на вработените во ЈП МРТ на 31.12.2013 година изнесува 852 лица ангажирани на неодредено и 69 лица кои се привремено ангажирани.

### Раководење со ЈП МРТ

Согласно член 26 од Законот за радиодифузна дејност член 126 раководни органи на ЈП МРТ се :

- Совет на МРТ;
- Управен одбор;
- Извршен директор/работоводен орган.

На 26.12.2013 година донесен е Закон за аудио и аудиовизуелни услуги кој со денот на стапување на сила (02.01.2014г) го заменува Законот за радиодифузната дејност Сл.в. бр. 100/2005год. ..........72/2013год. Согласно овој закон раководењето и управувањето на МРТ ќе се одвива преку, Програмски совет на МРТ, Надзорен одбор, Директор и Заменик на директорот на ЈП МРТ со што органите во состав на ова ЈП се усогласени со Законот за јавни претпријатија .

### Законска и подзаконска рамка

Воспоставениот систем на политики, процедури и активности од страна на раководителот на субјектот се насочени кон воспоставување на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија. Овие системи имаат за цел да обезбедат разумно уверување дека целите на субјектот се остварени и даваат совет за подобрување на работењето на субјектот.
Финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и дејноста предмет на работење на субјектот се уредени со повеќе законски, подзаконски и интерни акти меѓу кои и:

- Закон за радиодифузна дејност;
- Закон за јавни претпријатија;

- Закон за трговски друштва
- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;

**Подзаконски акти**

- Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор;
- Стандардите за внатрешна ревизија;
- Правилник за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата,

**Интерни акти**

- Статут на претпријатието;
- Деловник за работа на УО;
- Правилник за организација
- Правилник за систематизација на работните места;
- Ценовник на услугите на МРТ
- Акти донесени од управниот одбор
- Колективен договор;
- Други акти согласно со закон.

**Финансиски податоци за субјектот**

Своите деловни активности и финансиски трансакции, ЈП МРТ ги извршува преку следните сметки:

| | | |
|---|---|---|
| Денарска сметка | 300000000050864 | Комерцијална банка АД |
| Девизна сметка | 710001522 | Комерцијална банка АД |
| Денарска сметка | 200001388136922 | Стопанска Банка АД |
| Девизна сметка | 71004000 | Стопанска Банка АД |
| Денарска сметка | 210040634060166 | Тутунска Банка АД |
| Денарска сметка | 270040634060173 | ИК Банка |

Годишната сметка е поднесена и прифатена од страна на Централен регистар на РМ.

Со Одлука за избор на Работоводен орган на ЈП МРТ бр. 02-1192/1 од 02.03.2012 година за извршен директор на ЈП МРТ е избран г. Маријан Цветковски, додека за Заменик Извршен директор на ЈРП МРТ е избран г. Арун Ибраими.

1. **Финансиското управување и контрола** се спроведува врз основа на меѓународно прифатените стандарди за внатрешна контрола, преку примена на поврзаните компоненти: контролна средина, управување со ризиците, контролите, информации и комуникации и мониторинг.

Контролната средина ги опфаќа: личниот и професионалниот интегритет на раководителите и вработените, организационата структура која обезбедува поделба на должностите и одговорностите, управување со човечките ресурси.

Раководителот е одговорен за управувањето со ризици, утврдување и контрола на можните настани или состојби кои имаат влијание врз целите на субјектот. Заради наведеното, пропишана е обврска од изготвување на стратегија за управување со ризиците.

Контролите кои треба да бидат воспоставени од страна на раководителот на субјектот се состојат од: процедури за овластување и одобрување, поделба на должностите, правила на пристап до средствата и информациите, процедури за целосно и ажурно сметководство на сите трансакции, процедури за мониторинг и човечки ресурси.

Мониторингот на финансиското управување и контрола треба да се одвива преку постојано следење, самопроцени и внатрешни ревизии.

2. **Внатрешната ревизија** обезбедува разумно објективно уверување и совет со цел за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефикасноста на системите за внатрешна контрола. Истата се спроведува согласно со принципите на законитост, независност, објективност, компетентност, професионалност, интегритет и доверливост.

Со одредбите на член 29 од законот за јавна внатрешна финансиска контрола е уредено дека внатрешната ревизија се спроведува во сите организациони структури, програми, активности и процеси кај субјектите од јавниот сектор.

Согласно на одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Единицата за внатрешна ревизија се основа како одделение со најмалку два внатрешни ревизори, вклучувајќи го и раководителот на одделението за внатрешна ревизија, односно како сектор со најмалку пет внатрешни ревизори.

Со извршената ревизија на интерните и други акти во оваа област констатиравме дека со актот за систематизација на работните места ЈРП МРТ има систематизирано одделение за внатрешна ревизија во согласност на одредбите на ЗЈВФК. Во текот на известувачкиот период во ова одделение е вработено едно лице на работното место стручен соработник, без да се назначат раководител на единицата за внатрешна ревизија и овластени внатрешни ревизори и ревизори како што е предвидено со член 36 од ЗЈВФК. Како резултат на ова единицата за внатрешна ревизија не функционира на начин кој е предвиден со ЗЈВФК, при што не се изготвени актите предвидени во членот 40 од ЗЈВФК, а последниот ревизорски извештај оваа одделение го има изработено во 2011 година.

## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Целта на ревизијата е обезбедување на објективна и реална оценка за тековните состојби за ефикасноста и ефективноста на системот на јавната внатрешна финансиска контрола кај ЈП МРТ и тоа во делот на: управување и контрола за извршување на расходите (доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките) и заштита на средства и обврските (инвентарисување на средствата и обврските).

Со ревизијата на успешност се изврши детектирање на клучните фактори кои имаат влијание во процесот на воведување и развој на системот за јавна внатрешна финансиска контрола, преку:

- Утврдување на контролното опкружување во субјектот, врз основа на интегритетот на вработените;
- Компетентност, ниво на знаење и вештини;
- Организациона структура – поделба на надлежностите и овластувања;
- Утврдување на ризик од можни настани кои може да влијаат врз остварување на целта;
- Воспоставени политики и постапки за справување со ризиците;
- Обезбедување на ефикасен информационен систем, проток на информации, документирање на сите оперативни процеси, и
- Ефикасност на преземените активности на раководителот на субјектот за следење, самопроценка и внатрешна ревизија на финансиското управување и контрола.

Врз основа на резултатите добиени со истражувањата во текот на ревизијата, информациите и откриените ризици произлезе следната цел на ревизијата:

**„Дали се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија".**

За да може да одговори на поставената цел, ревизијата изврши анализа на следните области кои имаат свое влијание врз имплементацијата, развојот и ефикасноста и ефективноста на ФУК и ВР во ЈП МРТ:

- Правната рамка и стратешките документи;
- Финансиско управување и контрола, во делот на:
    - Компонентите: контролно опкружување, управување со ризик, контролни активности, информации и комуникации, мониторинг;
    - Процесите: инвентарисување на средствата и обврските и доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките;
- Внатрешна ревизија.

Според сознанијата до кои дојдовме при извршувањето на наведената ревизија на успешност и оценката на ризичните подрачја, сметаме дека со

ревизијата на успешност може во задоволителен степен да се постигне идентификување на:

- клучните фактори кои влијаат на воспоставувањето, развојот и ефикасноста на функционирањето на ФУК и ВР;
- утврдување на причините за постојната состојба и
- давање препораки за надминување на утврдените слабости.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.

# РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да се даде оценка за ефикасноста и ефективноста на воспоставениот систем на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија.

Поглавјето Ревизорски наоди ги содржи ревизорските прашања и одговорите на поставените цели на ревизијата утврдени во проблематичните подрачја, утврдените состојби како и препораки кои ревизијата ги дава со цел да се отстранат причините за констатираните неправилности и состојби.

Со ревизијата на успешност констатиравме ризични области кон кои ја насочивме ревизијата со цел да дадеме одговор на поставените ревизорски прашања кои се однесуваат на овој процес. Основната ревизорска цел на оваа ревизија е поставена во следното прашање:

**„Дали се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија".**

Со анализата на законската регулатива и подзаконските акти, извршената ревизија кај субјектот, произлегоа неколку значајни подрачја во делот на функционирањето на овој систем кои беа предмет на подетално анализирање:

1. Правната рамка и стратешките документи;
2. Финансиско управување и контрола, и тоа:
   - 2.1. Оценка на основните компоненти;
   - 2.2. Функционирање на процесите: утврдување на ефективноста на системот на интерни контроли при доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките и инвентарисување на средствата и обврските.
3. Внатрешна ревизија.

Како резултат на извршената ревизија на успешност за добивање одговор на поставената цел, констатиравме одредени состојби и слабости во горенаведените ризични области.

## 1. Правна рамка и стратешки документи

Во рамките на ризичната област која ги третира прашањата од **Правна рамка и стратешки документи кај ЈРП Македонска радио-телевизија** (во понатамошниот текст ЈРП МРТ), ревизијата се фокусираше на детектирање на евентуални слабости, во делот на законските прописи, стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор и внатрешна ревизија како и стратешките документи, кои може да влијаат врз воспоставувањето и функционирањето на финансиското управување и контрола.

Со извршената ревизија утврдивме дека постои неусогласеност помеѓу одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (во натамошниот текст ЗЈВФК) и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор (во натамошниот текст стандардите) во делот на опфатот (воспоставување) на финансиското управување и контрола кои се објавени врз основа на членот 13 од истиот закон и се на сила во Република Македонија. Имено, согласно на одредбите на ЗЈВФК, финансиското управување и контрола се воспоставуваат кај буџетските корисници од законодавната, извршната и судската власт, фондовите, општините и градот Скопје, при што во членот 4 изоставени се јавните претпријатија како субјекти кои се должни да воспостават систем на финансиско управување и контрола. Од друга страна во објавените Стандарди за внатрешна контрола во јавниот сектор не е направена ваква дистинкција на субјекти кои се обврзани на воспоставување на систем на финансиско управување и контрола и истите се однесуваат на сите субјекти од јавниот сектор вклучително и јавните претпријатија. Како резултат на ова ЈРП МРТ нема законска обврска да постапи по одредбите на ЗЈВФК со исклучок на одредбите кои се однесуваат на формирање на Единица за внатрешна ревизија.

Имајќи во предвид дека субјекти од јавниот сектор се корисниците на средства од Буџетот на Република Македонија, фондовите, општините и градот Скопје, агенциите и другите институции основани со закон, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица кои се во државна сопственост или во кои државата е акционер1, чие основање се врши со цел да извршуваат дејности од јавен интерес, притоа почитувајќи ги принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата и транспарентност во работењето, менаџментот на јавното претпријатие презело активности за воспоставување на систем на интерни контроли насочени кон остварување на целите на претпријатието.

Еден од можните критериуми за воспоставување на системот на интерни контроли во работењето на претпријатието преставува Законот за стандардизација со кој се уредуваат меѓу другото целите и принципите на македонската национална стандардизација, подготвувањето, усвојувањето и објавувањето на македонските национални стандарди и нивната примена како и македонскиот стандард „Систем за менаџмент со квалитет – Барања" (ISO 9001:2008), кои се применуваат на доброволна основа.

Надлежните органи за раководење и управување во јавното претпријатие, препознавајќи ја користа од воспоставувањето на систем за финансиско управување и контрола во однос на транспарентното и законито работење, пристапило кон донесување на :

---

[1] Закон за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" број 90/09, 12/11 и 188/13).

- Програма за работа на програмските сервиси во рамките на МРТ кои преставуваат основа за понатамошно постапување. Истите се донесени од Советот на јавното претптијатие;
- Финансиски и инвестициски план на ЈРП МРТ за 2013 година усвоен од страна на Собранието на РМ;
- Годишниот извештај за резултатите од работењето на МРТ за 2013 година е усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ и истиот е доставен на усвојување до Собрание на Република Македонија
- Правилник за систематизација и организација на работните места во ЈРП МРТ;
- Процедури за работа, упатства и правилници со кои се опишани тековните работни процеси во ЈРП МРТ.

Во текот на извршувањето на ревизијата раководните лица на ЈРП МРТ ги прифатија сугестиите на ревизијата и покрај тоа што формално ЈРП МРТ нема законска обврска, пристапија кон изготвување на поголем број на акти предвидени со ЗЈВФК и тоа:

- Донесена е Одлука за утврдување и одржување на чувствителни работни места;
- Започнати се активности за изготвување на акциски план и донесување на Програма за обуки на вработените;
- Назначено е лице задолжено за известување за неправилности и сомнежи за корупција;
- Формирана е работна група за имплементирање на ISO стандарди во ЈРП МРТ;
- Објавени се два огласи за вработување на Раководител на одделението за внатрешна ревизија но до денот на ревизијата наведеното работно место не е потполнето;

Воспоставената правна рамка, донесените документи како и започнатите активности за имплементација на ИСО стандардите претставуваат активности кои ќе влијаат кон надградување и подобрување на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.

## 2. Финансиско управување и контрола

Во рамките на ризичната област која третира прашања од **финансиското управување и контрола**, ревизијата имаше за цел да даде одговор на повеќе ревизорски прашања поврзани со основните компоненти на Финансиското управување и контрола.

### 2.1. Компоненти на финансиското управување и контрола

Финансиското управување и контрола се заснова на одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, меѓународно прифатените стандарди и стратешките документи од оваа област, при што правилната

имплементација е условена од степенот на меѓусебно поврзаните компоненти, и тоа:

2.1.1. Контролна средина;
2.1.2. Управување со ризиците;
2.1.3. Контроли;
2.1.4. Информации и комуникации и
2.1.5. Мониторинг.

Во функција на градење на одговори зад секое од поставените прашања, утврдени се следните состојби, дадени се образложенија и препораки за надминување на утврдените состојби и тоа како што следува:

### 2.1.1. Контролна средина

Раководителот на субјектот согласно Стандардите за внатрешна контрола има обврска да воспостави контролно опкружување како една од компонентите на финансиското управување и контрола кое е основа на целиот систем за внатрешна контрола и влијае врз целокупниот квалитет на внатрешната контрола. Правилно воспоставеното контролно опкружување претставува основа за сите останати компоненти на внатрешната контрола со што се обезбедува намалување на ризиците во однос на законското користење на средствата, како и зголемување на дисциплината и одговорноста на вработените.

Заради наведеното потребно е да се обезбедат елементите на контролното опкружување и тоа:

- Личен и професионален интегритет на раководителите и вработените во субјектот;
- Начин на размислување и стил на работење на раководителите;
- Организациона структура која обезбедува поделба на одговорностите и јасни правила, права обврски и нивоа на известување;
- Политики и практики на управување со човечки ресурси, и
- Компетентност на вработените.

Имајќи го во предвид целокупното финансиско управување и контрола во ЈРП МРТ, истото има извршено голем дел од обврските во поглед на воспоставување на соодветен систем на контролно опкружување.

Постапувајќи во согласност на законските и подзаконски акти кои го уредуваат работењето на ЈРП МРТ, надлежните органи за управување имаат усвоено Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работните места. Во наведениот акт за систематизација на работните места изостануваат податоците во делот на деталниот опис на работните задачи, односно истиот дава само општи насоки за работните должности, одговорности и надлежности на вработените лица при што не се јасно наведени работните задачи за поединечни позиции. Како резултат на ова, ваквата состојба е пренесена и врз договорите за вработување кои

содржат само општи одредби во врска со работните задачи на вработените лица.

Воспоставени се неколку процедури кои се во насока на воспоставување на соодветно контролно опкружување и намалување на ризиците на прифатливо ниво, меѓу кои:

- Правилник за движење и управување со финансиска документација;
- Правила за постапување при склучување договори;
- Упатство за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈП Македонска радио-телевизија како и поголем број на други интерни акти со кои се опишуваат работни процеси од тековното работење на ЈРП МРТ;

Активностите во врска со вработување на ново вработени лица, наградување и казнување се вршат согласно законските и подзаконските прописи од областа на работните односи.

Во текот на 2013 година ЈРП МРТ има извршено поголем број на обуки за дел од вработените меѓутоа за известувачкиот период ЈРП МРТ нема изработено Програма или акциски план за вршење на обуки на вработените. На сугестија на ревизијата раководството на ЈРП МРТ започна активности во насока на констатирање на потребите на вработените за обуки што треба да резултира со изработка и реализација на Програма за вршење на обуки.

Во известувачкиот период ЈРП МРТ нема започнато активности во врска со ИСО сертификацијата на работните процеси. По препорака на ревизијата од страна на раководните лица на ЈРП МРТ, донесена е Одлука за формирање на работна група за имплементација на ИСО стандарди во ЈРП МРТ. Оваа активност се очекува во наредниот период да резултира со изработка и имплементација на систем за управување со квалитет согласно ИСО стандардите.

Отсуството на описот на: работните задачи на вработените и соодветен сертификат за усогласеност на работењето на ЈРП МРТ согласно ИСО стандардите може да има влијание врз квалитетно извршување на работните задачи од вработените, намалување на квалитетот на контролните системи и зголемување на ризиците по остварување на целите на субјектот.

### 2.1.2. Управување со ризиците

Согласно на стандардот 11 – Управување со ризик од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, субјектот од јавниот сектор треба систематски, најмалку еднаш годишно, да ги анализира ризиците кои се поврзани со активностите, да развие соодветни планови за ограничување на можните негативни последици од овие ризици и да определи вработени кои

ќе бидат одговорни за имплементација на донесените планови. Управувањето на ризиците е активност која бара, раководителот на субјектот да преземе активности за утврдување, проценка и контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на институцијата како и оценка на изложеноста на активностите на ризик.

ЈРП МРТ има изготвено интерен акт – Процена на загрозеноста на ЈП МРТ од природни непогоди и други несреќи. Со овој акт извршена е процена на реалноста на настанувањето на елементарни непогоди, пожари, а спроведени се и испитувања на структурната стабилност на објектот извршени од специјализирани институции. Со овој акт разработени се и состојбите за намалување на ризиците, состојбите за постапување преку формирање на тимови кои треба да реагираат во случај на настанување на некоја од опасностите кои се наведени со извршената процена. Вака изготвениот акт претставува основа со чие надградување со останати ризици за кои раководството на ЈРП МРТ ќе процени дека можат да имаат негативно влијание врз работењето на ЈРП МРТ (квалитет на кадар, недостиг на стручност за поедини позиции, старост на опремата итн.) ќе се изготви квалитетна Стратегија за управување со ризици што претставува и обврска на ЈРП МРТ согласно на стандардот 11. Отсуство на сеопфатна стратегија за управување со ризиците со кои би се соочила ЈРП МРТ укажува дека не се во целост преземени активности за превенција и минимизирање на ризиците кои би можеле да имаат негативно влијание по исполнување на целите на институцијата.

### 2.1.3. Контролни активности

Соодветното справување со ризиците, бара од раководителот на субјектот да утврди контролни активности базирани на политики и процедури кои се воведуваат и спроведуваат за осигурување на остварување на целите, односно управување со ризиците. Ваквата обврска за ЈРП МРТ е утврдена согласно Стандардите 12, 13, 14 и 17 од објавените Стандарди за внатрешна контрола во јавниот сектор, во кои се опфатени постапки за одобрување, пренесување на овластувања и одговорности, разграничување на должности, систем на двоен потпис, постапки за точно, правилно и ажурно евидентирање на сите трансакции, како и воспоставување на ex-ante и ex-post финансиска контрола, усогласување на евиденции и контроли во информатичка технологија.

Со извршената ревизија на интерните акти, констатиравме дека раководството во ЈРП МРТ има усвоено политики и процедури за важните функции во делот на поделба на должностите и одговорностите, финансиски контроли, контроли во пристапот до ресурсите и нивна физичка заштита, општи и апликативни контроли во ИТ системот, движење на документацијата

со што се овозможени услови за намалување на ризиците и постигнување на целите на субјектот и тоа:

- усвоен е Правилник за движење и постапување со финансиска документација во кој е пропишан текот на движење на документите на секое ниво на одговорност, овластувања и меѓусебни врски на вработените кои управуваат, извршуваат, верификуваат или преиспитуваат одреден процес или активност и каква контрола се применува. Изработени се и други процедури на поединечни процеси од повеќе области за тековното работење на МРТ;
- делегирани се надлежности на различно хиерархиско ниво, со што се овозможува контрола на одредена активност од повеќе лица во сите фази на реализација од процесот, што се потврдува со потпис на документот. Како резултат на тоа донесена е и наредба за координирање на меѓуодделенското работење со цел да се овозможи поевидентно и поекспедитивно движење на финансиската документација и поставување по истата;
- Иако со актот за систематизација на ЈРП МРТ не се предвидени работни места за кои во описот на работни обврски е предвидена и должност за вршење на ex – ante и ex – post финансиска контрола, воспоставена е пракса на редовно следење, усогласување и одобрување на евиденциите со соодветните документи, преку следење на реализација на договорите од страна на Секторот за комерција, прегледување на фактурите со целокупната пропратна документација, прегледување на изводите, налозите за книжење, евиденција на обврските воспоставена од страна на Секторот за финансиско работење. На овој начин ЈРП МРТ ги воспоставува наведените финансиски контроли.

Наведените состојби упатуваат дека ЈРП МРТ има воспоставено систем на финансиски контроли во насока на остварување на целите на субјектот на ревизија во однос на веродостојноста на финансиското известување, ефективноста, ефикасноста на работењето и усогласеноста со применливите стандарди и прописи, но потребно е да се преземат активности за утврдување на работни места во актот за систематизација кои ќе се однесуваат на дефинирање на обврските за вршење на ex – ante и ex – post финансиска контрола.

### 2.1.4. Информации и комуникации

2.1.4.1. Согласно Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор (Стандард 19 – Информирање и Стандард 20 – Комуникација), раководителот на субјектот треба да обезбеди ефективен систем на информации и комуникации, со цел да развие ефикасен систем на внатрешна и надворешна комуникација заради прецизно, непречено и брзо дистрибуирање на

информациите, како и нивно комплетно и навремено доставување до крајните корисници.

ЈРП МРТ воспоставил систем на информации и комуникации кој овозможува навремено информирање на одговорните лица за степенот на извршување на задачите, уредна и веродостојна документација на оперативните процеси и трансакции, целосно дистрибуирање на информациите на сите нивоа, добивање на повратни информации, дефинирање на крајните рокови за извршување на задачите, со цел воспоставување на ефикасен и ефективен систем на финансиско управување и контрола и тоа на следниот начин:

- Информациите се разменуваат преку: одржување работни состаноци, секојдневна комуникација на раководството со вработените и информации кои до вработените се доставуваат по електронска пошта;
- Одделението за планирање и реализација на буџет и Секторот за финансиско работење согласно нивните работни задачи, ингеренции и овластувања имаат обврска за следење на реализацијата на финансиските планови и писмено да ги известуваат сите одговорни лица во ЈРП МРТ при исполнетост на реализацијата на годишниот финансиски план во висина од 50%, 75% и 100%;
- Од страна на раководителот на Секторот за финансиски прашања донесена е постапка за координирање на меѓуодделенското работење со цел да се овозможи поевидентно и поекспедитивно движење на финансиската документација и поставување по истата;
- изработен е графички приказ за начинот на размена на информации и комуникации помеѓу секторите и одделенијата во кој детално се прикажани правилата за подготвување, пренесување, употреба и архивирање на документацијата;
- Изработен е Годишниот извештај за резултатите од работењето на МРТ за 2013 година и усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ и истиот е доставен на усвојување до Собрание на Република Македонија.

Наведените состојби упатуваат дека во ЈРП МРТ воспоставен е систем на информации и комуникации кои имаат важна улога во донесувањето на соодветни одлуки на раководството на субјектот и во воспоставување и спроведување на ефективна и ефикасна внатрешна контрола.

2.1.4.2. Согласно членот 471 и 472 од Законот за трговски друштва водењето на трговските книги, обработката на податоците и контролата на внесените податоци во информациските системи треба да биде навремено и хронолошко евидентирање на податоци во деловните книги, целосност и комплетност, регистрираниот податок не смее да се менува на начин што подоцна ќе го оневозможи утврдувањето на првобитно регистрираната содржина. Со меѓународните стандарди и најдобри пракси за ИТ безбедност субјектот треба да предвиди развој на информацискиот систем, кој ќе биде обезбеден од

неовластен пристап до податоците, како и да преземе активности за донесување и одобрување на ИТ безбедносната политика.

Во ЈРП МРТ водењето на финансиско сметководствената евиденција се врши од страна на лица вработени во Секторот за финансиски прашања преку користење на апликација развиена за потребите на оваа служба.

Со извршената ревизија на воспоставениот информациски систем во Секторот за финансиски прашања, интерните акти, пропишаната организациона структура и системот на интерни контроли кои ги применува субјектот предмет на ревизија ги констатиравме следните состојби:

- Во Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ има предвидено посебна организациона единица од областа на ИТ;
- Во насока на следење на меѓународните стандарди и најдобри пракси за безбедност на ИТ, ИТ безбедносна политика е изработена во тек на ревизијата и е во работна верзија меѓутоа истата се уште не е усвоена од раководството на ЈРП МРТ;
- Воспоставена е распределба на надлежности во Апликациите за финансиско работење;
- При користењето на апликацијата за финансиско сметководство се вградени одредени контроли за пристап до апликацијата и податоците;
- Воспоставена е резервна копија на податоци (backup) на серверите во ЈРП МРТ, но нема копија од податоците на надворешен медиум и на надворешна локација соодветно оддалечена од локацијата на субјектот;

Преземените активности за изработка на ИТ безбедносна политика се насочени кон градење на соодветни контролни активности за минимизирање на ризиците по однос на безбедноста на податоците. Отсуството на посебна копија од податоците од апликацијата за финансиско работење на надворешен медиум и локација, упатуваат на нецелосно елиминирани ризици во делот на зачувување на историјатот и хронологијата на внесените финансиски податоци и безбедноста на овие податоците во информациските системи.

### 2.1.5. Мониторинг

Согласно Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор – Стандард 10 Следење на извршувањето раководителот на субјектот има обврска да воспостави следење на извршувањето односно мониторинг на функционирањето на целиот систем за внатрешна контрола со цел оценување на правилното функционирање на овој систем како и согледување на можностите за исправка на недостатоците и подобрување на неговото функционирање.

Со ревизија на извештаите за степенот на реализација на препораките дадени од надворешните ревизори како и на извршувањето на плановите за работа констатиравме дека:

- Раководните лица имаат позитивен став за спроведување на препораките дадени во извештаите од надворешните ревизори;
- Навремено се информираат раководните лица за реализацијата на годишниот финансиски план;
- Годишниот извештај за резултатите од работењето на МРТ за 2013 година е усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ и истиот е доставен на усвојување до Собрание на Република Македонија;

И покрај преземените активности за доекипирање на внатрешната ревизија, истата не е организирана на ниво кое ќе обезбеди информации на надлежните оргагни за управување и раководење за ефективноста на ФУК. Од наведеното произлегува дека ЈРП МРТ има преземено дел од потребните активности за воспоставување на мониторинг на системот на внатрешна контрола, негово редовно следење, исправка на недостатоците, во насока на подобрување на неговото тековно функционирање.

Како што е наведено во точката 1 од овој извештај, ЈРП МРТ нема законска обврска да постапува согласно поголем дел од одредбите на ЗЈВФК, поради што не е воспоставен систем за самопроцена на системот на внатрешни контоли. Сметаме дека со воспоставувањето на ваков систем раководството на ЈРП МРТ може да се здобие со корисни информации во врска со функционирањето на системот за внатрешни контроли во ЈРП МРТ кои можат да доведат до негово натамошно подобрување и усовршување.

**2.2. Со ревизијата на процесите за управување и контрола при утврдување на ефективноста на системот на интерни контроли при спроведувањето доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките и инвентарисување на средствата и обврските констатирана е следната состојба:**

**2.2.1. Системот на интерни контроли во процесот на доделување на договорите за јавни набавки и плаќање на набавките**

2.2.1.1. Процесот на Јавни набавки е во директна корелација со реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ преку изготвување и усвојување на План за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки согласно утврдениот план. Во периодот предмет на ревизија, јавните набавки кај ЈРП МРТ се во надлежност на една комисија за јавни набавки. Во ЈРП МРТ е формиран Сектор за комерција во кој припаѓа и Одделението за јавни набавки. Во одделението се систематизирани вкупно 4 работни места вклучувајќи го и раководителот на одделението. Согласно доставените прегледи за спроведени постапки за јавни набавки во известувачкиот период спроведени се вкупно 82 постапки за јавни набавки, од кои 75 постапки се

реализирани со Отворен повик, а 7 со Барање за прибирање на понуди, чија реализација изнесува 178.278 илјади денари. Предмет на ревизија беа 12 постапки за јавни набавки спроведени во текот на 2013 година од кои 10 постапки со Отворен повик и 2 постапки со барање за прибирање на понуди со вкупна вредност од 70.675 илјади денари.

Со извршената ревизија на процесот на планирање на јавните набавки, подготвувањето на тендерската документација, доделувањето на договорите за јавни набавки и следење на нивната реализација ги утврди следниве состојби:

- ЈРП МРТ, има усвоено „Упатство за работа на Секторот за комерција и јавни набавки и за процедури поврзани со јавните набавки во ЈП Македонска радио-телевизија" кое се употребува при реализацијата на постапките за јавни набавки;
- во ЈРП МРТ е определен организациски облик и лица во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки. Во Секторот за комерција во ЈРП МРТ има вработено седум лица кои имаат потврда за положен испит за јавни набавки, како што е предвидено во член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки (во натамошниот текст ЗЈН);
- во подготовката на тендерската документација договорниот орган за 3 постапки изготвил детални технички спецификации во кои изостануваат зборовите „или еквивалентно" како што е наведено во членот 29 од ЗЈН.

2.2.1.2. Во делот на активностите кои се однесуваат на процесот на плаќања ЈРП МРТ има воспоставено процес на плаќање со кој е регулиран начинот на кој се одвива процесот на верификација на квалитетното и навремено извршување на склучените договори за набавки на стоки, услуги и работи и плаќање на фактурите. Со цел да се овозможи ефикасно вршење на контроли и делегирање на надлежностите и активностите со различен степен на одговорности да се обезбеди законито, ефикасно и ефективно контролирање на исплатата на преземените обврски ЈРП МРТ ги има преземено следните конкретни активности:

- Усвоен е Правилник за движење и постапување со финансиска документација со кој воспоставени се контроли и контролни механизми со цел детектирање на можните ризици во процесот на плаќање кои би имале влијание на постигнување на целта на воспоставениот процес, односно обезбедување услови за контролирање на ризикот. Детално се дефинирани сите активности на вработените кои се однесуваат на целокупната влезна и излезна документација, текот на движење на документацијата за исплата и авторизација на истата на различни нивоа на контрола, идентификација на ризиците во процесот и воспоставени се контроли и мерки за спречување на ризиците;
- воспоставената ex-ante и ex-post финансиска контрола обезбедува контролни активности од аспект на законската основаност на

финансиската документација, комплетност на документите за исплата, авторизација од одговорните лица, навременост и ликвидирање на финансиската документација;

- Изработен е посебен образец за исплата во кој е предвидена авторизација од страна на повеќе лица вклучени во процесот на верификација кои со потпис ја потврдуваат исправноста на примената документација. Целосно потпишаниот документ се доставува до извршниот и заменик извршниот директор кои го одобруваат плаќањето со систем на двоен потпис. Образецот е составен дел на финансиската документација при исплата како потврда дека се извршени предвидените контроли.

Со извршените контроли на поединечни плаќања, утврдивме дека воспоставениот систем на интерни контроли функционира согласно постапката пропишана со Правилник за движење и постапување со финансиска документација со што е воспоставена основа за навремено откривање на ризици и грешки, точност и целосност на финансиските евиденции и навремено изготвување на релевантни финансиски извештаи.

### 2.2.2. Инвентарисување на средствата и обврски

Согласно одредбите на член 473 од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите на вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба пописот е процес на усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководствената евиденција со фактичката состојба. Согласно овие акти како и Упатството за подготовка и извршување на попис усвоени од страна на субјектот на ревизија, активностите околу реализацијата на процесот на попис ги извршува Централна комисија за попис како и поголем број на пописни комисии со специфични задолженија.

Ревизијата имаше за цел да ја оцени ефикасноста на системот на интерни контроли во процесот на инвентарисување, односно во спроведување на пописот. Притоа утврдивме дека од страна на пописните комисии се преземени голем број на активности во насока на правилно и целосно извршување на пописот, преку фактичка проверка на податоците кои се прикажани во пописните листи. При приемот на новонабавени материјални средства истите добиваат инвентарен број и се заведуваат во сметководствената евиденција, а вработените кои добиваат средства на користење се задолжуваат со реверс. Издавањето на стоки и материјални средства е уредено по пат на упатување на барање и одобрување на истото од страна на определено лице по што се врши издавање на бараното средства или стока.

Во врска со активностите околу реализација на пописот ги утврдивме следните состојби: